Центар за развој на
ТРЕТИОТ-СЕВЕРОИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр.: 02-120/5
27.12. 2023 год.
КУМАНОВО

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА СЕВЕРОИСТОЧЕН
ПЛАНСКИ РЕГИОН - КУМАНОВО
„Илинденска"б.б.1300 Куманово, п.фах-182, Тел/Факс: 031/550-115,
www.northeastregion.gov.mk e-mail: info@northeastregion.gov.mk

# Акционен план за 2023 година, за имплементација на Програмата за развој на Североисточен плански регион

2021-2026

Врз основа на Член 14 од Законот за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РСМ бр. 24/2021 од 29.01.2021 и 174/2021 од 30.07.2021), како и Член 30 од Правилникот за за методологија за изработка за планските документи за регионален развој (Сл. Весник на РСМ бр. 219/2021 од 23.09.2021), Советот за развој на Североисточниот плански регион на својата редовна седница донесе:

# ГОДИШЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА 2023 ГОДИНА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА СЕВЕРОИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН 2021-2026

**Декември, 2022 година**

**СОДРЖИНА**


*1. Вовед*

*2. Методологија при подготовка на Акциониот План*

*3.Среднорочни цели, приоритети, мерки и индикатори за спроведување на Програмата за развој на СИПР 2021-2026 во 2023, вклучително и распределба на трошоците*

*4. Интеракција помеѓу партнерите во спроведување на Програмата*

*5. Информирање и комуникација*

*6. Анализа на ризикот*

**Акроними и кратенки**

| | |
|---|---|
| СИПР | Североисточен плански регион |
| СР СИПР | Совет за развој на Североисточен плански регион |
| ЦР СИПР | Центар за развој на Североисточен плански регион |
| ЛММ | Линиски Министерства |
| БРР | Биро за регионален развој |
| АФПЗРР | Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој |
| ПРРА | Платформа за Регионална Рурална Акција |
| УНДП | Развојна програма на Обединетите Нации |
| ГИЗ | Германско друштво за соработка |
| СДЦ | Швајцарска развојна агенција |
| УСАИД | Агенција за меѓународен развој на САД |
| ЕЗ | Европска Заедница |
| ЕОСТ | Европска организација за слободна трговија |
| ЕУ | Европска Унија |
| ССТ | Спогодба за слободна трговија |
| ДЗС | Државен завод за статистика |
| БДП | Бруто домашен производ |
| ИПА | Инструмент за претпристапна помош |
| ИПАРД | ИПА за рурален развој (ИПА компонента 5) |
| МЛС | Министерство за локална самоуправа |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| МЗШВ | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МНР | Министерство за надворешни работи |
| МТВ | Министерство за транспорт и врски |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| МЕ | Министерство за економија |
| НВО | Невладина организација |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МЗЗ | Министерство за здравство |
| МСП | Мали и средни претпријатија |
| СВОТ | Анализа на силните страни, слабостите, можностите и заканите |
| ОН | Обединети Нации |
| СЦ | Стратешка цел |
| ПКМ | Паритет на куповната моќ |
| ЦР | Централен регистар |
| АВ | Агенција за вработување |
| ЈПП | Јавно приватно партнерство |
| ЈКП | Јавно комунално претпријатие |
| МСП | Мали и средни претпријатија |
| ПЛСГ | Правно лице за стопанисување со гас |
| АПРЗ | Агенција за поддршка и развој на земјоделието |
| ЦРР | Центар за регионален развој |
| ЕЛС | Единица на локална самоуправа |
| БС | Бизнис сектор |
| АДП | Агенција за државни патишта |
| ЕЛЕМ | Електрани на Македонија |
| УЈП | Управа за јавни приходи |
| БРО | Биро за развој на образованието |
| ЛАГ | Локална Акциона Група |

## 1. Вовед

Законот за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РСМ бр. 24/2021 од 29.01.2021 и 174/2021 од 30.07.2021), заедно со регулативата во неколку други сектори ја сочинуваат основата на идниот развој на општеството, додека Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија за периодот 2021 - 2031 (Службен весник на РСМ бр. 76 од 06.04.2021) ги дава Стратешките Цели и Приоритети кон кои треба да се стреми политиката за Рамномерен Регионален Развој со цел на одстранување на диспаритетите во развој на Регионите.

Врз основа на Програмата за регионален развој на СИПР 2021-2026, овој **Акционен план** ги претставува приоритетите за регионалниот развој на СИПР во 2023 година.

Целта на овој план е да овозможи транспарентност во претставувањето на развојниот пристап и политика и да ја информира општата јавност во СИПР и пошироко, кои се главните прашања во регионалниот развој на СИПР во 2023 година и да овозможи координирање на активностите на различните заинтересирани страни на централно, регионално и локално ниво за регионалниот развој на СИПР.

Не помалку значајна цел на овој Акционен план е и јакнењето на капацитетите за планирање, промоција и поддршка на регионалниот развој на: **Центарот за развој на СИПР**, **Советот на СИПР**, како и на **општинските капацитети** поврзани со регионалниот развој.

## 2. Методологија при подготовка на Акциониот план

**Правната рамка за Акциониот план за имплементација на Програмата на СИПР во 2023 година се наоѓа во** Законот за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РСМ бр. 24/2021 од 29.01.2021 и 174/2021 од 30.07.2021), како и Член 30 од Правилникот за методологија за изработка за планските документи за регионален развој (Сл. Весник на РСМ бр. 219/2021 од 23.09.2021), ја утврдува методологијата за подготовка на Акциониот план и го дефинира како краткорочен оперативен документ, во кој се утврдуваат носители, финансиски средства и временска динамика за реализација на Проекти кои ги имплементира Центарот за развој на СИПР.

Проектите кои се предвидени за финансирање по програмите за регионален развој на Министерство за локална самоуправа / Бирото за регионален развој за 2022 со индикативно планирани средства за 2023 година се приоритизирани по форумски правила, на две форумски сесии водени од модератор, со учество на заинтересирани страни од општините во регионот, јавни институции, невладин и бизнис сектор. Приоритетната листа произлезена од форумските сесии, дополнително е разгледана и усвоена на седница на Советот за регионален развој на СИПР. При водење на целиот форумски процес за подготовка на приоритена листа на проекти е водена сметка за транспарентност, социјална инклузија и родово буџетирање.

- **Целта на овој акционен план е да се подобри капацитетот за родово одговорно регионален развој на СИПР**

Акциониот план на Центарот за развој на СИПР за 2023 година, претставува документ чии појдовни основи се Програмата за развој на СИПР 2021-2026 и Акциониот план на Центарот за развој на СИПР за 2022 година. Истиот е изработен во согласност со Методологијата за изработка на плански документи за регионалниот развој ("Службен весник на РМ" бр. 102/09). Тимот кој работеше на подготовка на Акциониот план беше составен од вработените во Центарот за развој на СИПР. Во текот на изработката на Акциониот план за имплементација на програмата за развој на СИПР, беа земени во предвид содржините и приоритетите на релевантните документи на Република Македонија, а во рамките на Акциониот план се целосно поместени приоритетите од Програмата за развој на СИПР 2021-2026 година и воведена е родовата перспектива.

**3. Среднорочни цели, приоритети, мерки и индикатори за спроведување на Програмата за развој на СИПР 2021-2026 во 2023, вклучително и распределба на трошоците**

Визијата на Североисточниот регион е јасна замисла за посакуваниот и реално остварлив напредок во развојот. Визијата е дефинирани врз основа на резултатите од анализата на постојната состојба, особено на трендовите во различните развојни карактеристики на регионот, како и можностите за развој или поточно кажано финансиските можности за имплементација на програмата.

***Визија – Унапредување на квалитетот на животот за сите во регионот преку долгорочен одржлив развој заснован на привлекување инвестиции, развој на човечкиот капитал и инфраструктурата и унапредување на конкурентноста на препознатливите дејности.***

Врз основа на дефинирана **Визија**, како и **стратегиската политика** за регионален развој на СИПР, произлезена од анализата на SWOT факторите - **поддршка на можностите за развој на регионот и надминување на слабите страни** - во **Табелата 1** се дадени среднорочните цели за развој на СИПР со соодветните приоритети во периодот 2021-2026 година.

Реализирањето на среднорочните цели може да се случи единствено преку партнерство помеѓу сите зинтересирани страни за регионалниот развој, како и со фокусирани активности врз основа на ресурсите во регионот, надворешните инвестиции и привлекувањето на средства од национални и меѓународни програми и фондови. Исто така, Јавно-приватното партнерство треба да биде еден од основните механизми за поврзување на јавниот и приватниот интерес во процесот на социо-економски развој на СИПР.

**Акциониот план за имплементација на Програмата за регионален развој на СИПР за 2023 година** е претставен преку табеларен приказ кој ги следи среднорочните цели на Програмата за регионален развој на СИПР 2021-2026 и дава преглед на **мерките и активностите** кои ги планира Центарот за развој на СИПР за остварување на **стратешките цели** предвидени со Програмата, како и соодветните **индикатори за изведба и изворите на информации за нивна верификација**. Исто така Акциониот план ги посочува **индикативните** потребни ресурси и **финансиски средства** за имплементација на активностите, вклучувајќи ги и **можните извори за финансирање** и **носителите** на активностите.

❖

*Потребните ресурси и финансиски средства, како и изворите на финансирање и одговорните за реализација на активностите кои се вклучени во Акциониот план се само проценка за потребите на планирањето. Вистински потребните ресурси и финансиските средства ќе се одредат во процесот на изработката на проектните апликации и во процесот на изработка на тендерските документации за имплементација на проектите, кога ќе се располага со повеќе информации.*

**Табела 1**

| | СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ | Приоритети |
|---|---|---|
| 1 | СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1 – ОСТВАРУВАЊЕ НА ОДРЖЛИВ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ПРЕКУ ПОГОЛЕМИ ИНВЕСТИЦИИ, ПОДОБРО ДЕЛОВНО ОКРУЖУВАЊЕ И ЈАКНЕЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА. | ПРИОРИТЕТ 1.1 ПРИВЛЕКУВАЊЕ НА СТРАНСКИ И СТИМУЛАРАЊЕ НА ДОМАШНИ ИНВЕСТИЦИИ СО ЦЕЛ ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА АКТИВНОСТ И НАМАЛУВАЊЕ НА НЕВРАБОТЕНОСТА. |
| | | ПРИОРИТЕТ 1.2 РАЗВОЈ НА ПРЕТРИЕМНИШТВОТО, МАЛИТЕ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА (МСП), НО И ПОДДРШКА НА РАСТОТ НА ГОЛЕМИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА. |
| | | ПРИОРИТЕТ 1.3 ИСПИТУВАЊЕ НА МОЖНОСТА ЗА РАЗВОЈ НА РЕГИОНОТ ПРЕКУ ПЛАТФОРМА (МОДЕЛ) ЗАСНОВАНА НА НОВИ ПОТЕНЦИЈАЛИ КОИ ДОПРВА ТРЕБА ДА СЕ РАЗВИЈАТ ВО РЕГИОНОТ. |
| 2 | СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2. РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИОТ КАПИТАЛ ВО РЕГИОНОТ ПРЕКУ УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ И ОПФАТОТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО, ЗГРИЖУВАЊЕ НА ДЕЦАТА ,КВАЛИТЕТОТ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ И СОЦИЈАЛНИ УЛУГИ,ЗАШТИТА И ПРЕТПРИЕМНИШТВО | ПРИОРИТЕТ 2.1 УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА ВО УЧИЛИШТАТА И ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ |
| | | ПРИОРИТЕТ 2.2 УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА НАСТАВАТА И КАПАЦИТЕТИТЕ НА НАСТАВНИОТ КАДАР |
| | | ПРИОРИТЕТ 2.3 УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ И КВАЛИТЕТОТ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ |
| | | ПРИОРИТЕТ 2.4 УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ,СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА И РАЗВОЈ НА СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО |
| 3 | СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3 – ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ЖИВОТ ПРЕКУ НА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА, ПРОСТОРНОТО ПЛАНИРАЊЕ И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА | ПРИОРИТЕТ 3.1 РАЗВОЈ НА ТРАНСПОРТНАТА, КОМУНАЛНАТА И ЕНЕРГЕТСКАТА ИНФРАСТРУКТУРА КАКО ОСНОВА ЗА ДОЛГОРОЧЕН И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА РЕГИОНОТ |
| | | ПРИОРИТЕТ 3.2 ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ИНТЕГРАЛЕН СИСТЕМ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ПРОСТОРОТ, РАЗВОЈ НА ГРАДЕЖНИШТВОТО И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА |
| 4 | СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4 – ИНТЕГРАЦИЈА НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛИЕТО, РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ И ТУРИЗМОТ ВО РЕГИОНОТ | ПРИОРИТЕТ 4.1 ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА БРУТО-ДОДАДЕНАТА ВРЕДНОСТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ПРОИЗВОДСТВО ВО РЕГИОНОТ |
| | | ПРИОРИТЕТ 4.2 РАЗВОЈ НА РУРАЛНИОТ И АЛТЕРНАТИВЕН ТУРИЗАМ |

### 3.1 Надлежна институција за спроведување на мерките на регионалниот развој

Улогата и одговорностите на различните учесници во процесот на планирање и имплементација на Програмата за развој на СИПР, се дефинирани со Законот за рамномерен регионален развој, каде се дефинирани следните носители на политиката за регионален развој на СИПР: **Владата на Република Северна Македонија**; **Советот за рамномерен регионален развој на Република Северна Македонија**; **Министерството за локална самоуправа и Советот за развој на СИПР**, а во планирањето на регионалниот развој и спроведувањето на планските документи за регионален развој учествуваат: **Бирото за регионален развој; Центарот за развој на СИПР и единиците на локална самоуправа** кои ги опфаќа СИПР: **Куманово, Липково, Старо Нагоричане, Ранковце, Кратово и Крива Паланка.**

**Советот за развој на СИПР** е одговорен за развојната политика на планскиот регион преку креирање на планските документи за развој на регионот, координација на носителите на развојот во регионот, како и промовирање на прекуграничната соработка со региони од други држави.

**Центрот за развој на СИПР** има улога на оперативно тело чија основна функција е подготовка и реализација на планските документи за развој на СИПР. Центрите за развој за својата работа одговараат на Советите за развој на планските региони.

**Единиците на локалната самоуправа**: Куманово, Липково, Старо Нагоричане, Ранковце, Кратово и Крива Паланка, заеднички треба да учествуваат во подготовката и имплементацијата на регионалните проекти, а исто така се одговорни за поднесување на барања за финансирање на проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби и развој на селата кои се наоѓаат на нивна територија.

Со цел максимално да се користат расположивите финансиски ресурси за регионален развој, сите надлежни институции за спроведување на мерките за регионален развој треба да остварат висока меѓусебна координација и взаемна соработка при креирањето и реализацијата на проектите од значење за регионот.

Акциониот план за имплементација на Програмата за регионален развој на СИПР за 2023 година ја претставува првата рамка за воспоставување и развој на системот за поддршка на регионалниот развој во СИПР и основа за соработка со **линиските Министерства**, донаторите и другите чинители заинтересирани за вклучување во процесот на реализација на стратешките цели предвидени со Програмата за регионален развој на СИПР 2021-2026 година.

### 3.2 Индикативни извори на финансирање на регионалниот развој

Согласно Членот 35 од Законот за рамномерен регионален развој, како извори на финансирање на регионалниот развој се јавуваат:

1. Буџетот на Република Северна Македонија,
2. Буџетите на единиците на локалната самоуправа,
3. Расположивите фондови на ЕУ,
4. Други меѓународни извори,
5. Донации и спонзорства од физички и правни лица и
6. Други средства утврдени со закон.

Во членот 35 од истиот закон се дефинирани следните инструменти за поттикнување на регионалниот развој: капитални влогови; неповратни грантови; финансирање и кофинансирање на подготовка на анализи, студии, плански документи и акциони планови; финансирање на градењето на институционалните капацитети за регионален развој на Република Северна Македонија, како и државна помош во вид на заеми под поволни услови, гаранции за заеми, осигурување на кредити, даночни олеснувања, субвенции и други инструменти, согласно закон.

Со Одлуката за класификација на планските региони според степеност на развиеност со која планските региони се класифицирани врз основа на Одлуката за поблиски критериуми и индикатори за определување на степенот на развиеност на планските региони, СИПР е класифициран како најнеразвиен плански регион во однос на другите. Предвидено е **СИПР** да користи **17,30%** од **вкупните расположиви средства** кои на **годишно ниво** ќе се издвојат од **Буџетот на Република Северна Македонија** по програмите за рамномерен регионален развој.

Владините програми и потпрограми ги рефлектираат активностите на Владата на Република Северна Македонија кои се превземаат за реализација на стратешките приоритети. Овие приоритети се дефинирани и содржани во повеќе документи на Владата на РСМ. Средствата за финансирање на владините програми се обезбедуваат од буџетски средства, од донации и од заеми од Светската банка и други меѓународни финансиски институции. Утврдените владини програми се усогласуваат со редовните активности на одделните министерства со давање на приоритет за нивното финансирање. Фискалната политика утврдена во Буџетот за 2023 година, обезбедува имплементација на овие програми, континуитет во реализацијата, како и следење на успешноста во исполнувањето на стратешките приоритети.

### 3.3 Очекувани макроекономски движења за 2023 година

Во 2023 година се очекува по завршување на рецесијата предизвикана од корона вирусот, позитивно економско движења во Р.С.Македонија, при што се предвидува реалниот раст на БДП според НБРСМ да изнесува до 4.2%

### 3.4 Средства од Буџетот на РМ за 2022 и 2023 за имплементација на проекти во 2023 од областа на рамномерниот регионален развој

**Програма за рамномерен регионален развој**

За поттикнување на рамномерниот регионален развој во Буџетот на Северна Република Македонија според новиот Закон за рамномерниот регионален развој во кој се споени буџетите за 2022 и 2023 преку **Програмите за рамномерен регионален развој на Министерството за**

**Локална Самоуправа и Бирото за Регионален развој** се предвидени 921.100.000 денари од кои за активности за намалување на диспаритетите 88.600.000 денари, 15% за развој на подрачја со специфични развојни потреби во износ од 124.875.000 денари, 15% за проекти за развој на селата во износ од 124.875.000 денари, 15% за развој на урбани подрачја во износ од 124.875.000 денари и 55% за проекти наменети за развој на планските региони во износ од 457.875.000 денари. Центарот за развој на Североисточниот плански регион имајќи го во предвид процентот за алокација на средствата според степенот на развиеност може да очекува 17,30% од средства предвидени наменети за развој на планските региони во износ од 457.875.000 денари, вкупно 79.212.375 денари од кои 76.812.375 денари за реализација на проекти за програмскиот период во 2021 и 2022 година и 2.400.000 денари за менаџирање на проектите.

### 3.5 Распределба на трошоците на Акциониот план за 2023 според Среднорочни цели и приоритети од Програмата за развој на СИПР 2021-2026

Акциониот план за 2023 година ги содржи проектите и други активности кои ќе бидат финансирани преку МЛС, БРР, сопствено финансирање од страна на Центарот за развој на СИПР, како и учество во проекти финансирани од фондовите на ЕУ или други донатори. Проектите кои се одобрени или се во фаза на одобрување во Акциониот план се наведени со нивните проектни износи.

Распределбата на трошоците на Акциониот план за 2022 според Среднорочни цели и приоритети од Програмата за развој на СИПР 2021-2026 е дадена во следната табела:

**Табела 2**

| | Приоритет 1 | Приоритет 2 | Приоритет 3 | Приоритет 4 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Стратешка цел 1 | 167.000 | 700.000 | 0.00 | 0.00 | *867.000* |
| Стратешка цел 2 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | *0* |
| Стратешка цел 3 | 1.975.897.532 | 11.053.355 | 0.00 | 0.00 | *1.986.950.887* |
| Стратешка цел 4 | 4.514.951 | 12.122.564 | 0.00 | 0.00 | *16.637.515* |
| Вкупно | | | | | 2.004.455.402 |

Овој Акционен план е основата за следење на имплементацијата на програмата за развој на СИПР 2021-2026 како и основа за мерење на перформансите на Центарот за развој во реализацијата на проектните активности кои се во негова надлежност, но во исто време не е можно да се идентификуваат средствата кои другите линиски министерства ги алоцираат по нивните програми со предзнак „регионален развој,, кои се во значително поголем износ и би можеле да влијаат врз спроведувањето на Програмата за регионален развој на СИПР

Во Табелите подолу е претставен Акциониот план за 2023 година за имплементација на Програмата за развој на СИПР 2021-2026:

| | МЕРКИ | Активности | Индикатори | Одговорни за спроведување на мерките | Трошоци | Извор на Финансирање/ Временска рамка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1 – ОСТВАРУВАЊЕ НА ОДРЖЛИВ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ПРЕКУ ПОГОЛЕМИ ИНВЕСТИЦИИ, ПОДОБРО ДЕЛОВНО ОКРУЖУВАЊЕ И ЈАКНЕЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА.** | | | | | **867.000** | |
| **Приоритет 1.1** | ПРИОРИТЕТ 1.1 ПРИВЛЕКУВАЊЕ НА СТРАНСКИ И СТИМУЛАРАЊЕ НА ДОМАШНИ ИНВЕСТИЦИИ СО ЦЕЛ ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА АКТИВНОСТ И НАМАЛУВАЊЕ НА НЕВРАБОТЕНОСТА. | | | | **167.000** | |
| | **Мерка 1.1.2** Промоција на можностите за инвестирање во Североисточниот плански регион во земјата и странство | Одржани обуки, тренинзи за развивање на акциски планови на Бизнис Центрите да креираат и споделуваатнови услови (ваучерски систем ) со почитување на родова еднаквост со присаство на минимум 50% на жени предприемачи | -зголемен број на информирани лица жени и мажи и правни субјекти во сопственост на жени и мажи во регионот за значењето за формирање на социјални претпријатија и развој на социјалното предприемништво за 20%<br>-зголемен број на информирани жени предприемачки во регионот за значењето за формирање на социјални претпријатија и развој на социјалното предприемништво за 30% | ЦР СИПР/Бизнис Центар | 60.000 | Министерство за локална самоуправа Проект:,,Одржлив и инклузивен рамномерен развој – Фаза 2,,<br><br>04.2023 – 10.2023 |
| | **Мерка 1.1.3** Трансфер на искуства, знаење и најдобри практики за привлекување на инвестиции | Подготовка на регистар на предприемачи/предприемачки, фирми и земјоделци/земјоделки | -одржана 1 регионални работилници со минимум 20 учесника (родов паритет на учесниците и | ЦР СИПР | 0.00 | Он-лине<br>ЦР СИПР |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | и нивно вмрежување.<br><br>Информирање на бизнисите основани и водени од жени за посебните можности за финансирање достапни за нив. | предавчите)<br>-изготвен регистар на предприемачи фирми и земјоделци<br>-запазена родова еднаквост при изготвување на регистар на предприемачи фирми и земјоделци | | | 01.2023-12.2023 |
| | **Мерка 1.1.3** Трансфер на искуства, знаење и најдобри практики за привлекување на инвестиции | Форумски сесии на заедницата за Програмата за регионален развој на МЛС/БРР за 2023-2024 (2 сесии и еден форум) по 60 лица | -развиени минимум пет проектни идеи<br>- усвоена приоритизирна листа на проекти од страна на форумот | ЦР СИПР/Бизнис Центар | 83.000 | Министерство за локална самоуправа Проект:,,Одржлив и инклузивен рамномерен развој – Фаза 2,,<br>08.2023-12.2023 |
| | **Мерка 1.1.3** Трансфер на искуства, знаење и најдобри практики за привлекување на инвестиции | Одржани обуки, тренинзи за користење на ЕУ фондови, Јавни набавки, Можности за стекнување на лиценца за пружање на социјални услуги, Активни мерки за самовработување, обуки за студенти за можностите и важноста на постоење на социјални опретпријатија | -одржани 3 обуки<br>- запазена родова еднаквост на учесниците и предавачите на обуките и трнинзите | ЦР СИПР | 0.00 | Он-лине<br>ЦР СИПР<br><br>03.2023-12.2023 |
| | **Мерка 1.1.6** Зајакнување на човечките и техничките капацитети на Центарот за развој на Североисточниот плански регион | Обуки за подигање на капацитети на Центарот за развој и Советот за развој на планскиот регион | -одржани 2 обуки | ЦР СИПР | 24.000 | Министерство за локална самоуправа Проект:,,Одржлив и инклузивен рамномерен развој – Фаза 2,,<br>04.2023-12.2023 |
| **Приоритет 1. 2** | ПРИОРИТЕТ 1.2 - РАЗВОЈ НА ПРЕТРИЕМНИШТВОТО, МАЛИТЕ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА (МСП), НО И ПОДДРШКА НА РАСТОТ НА | | | | **700.000** | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ГОЛЕМИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА. | | | | | |
| | **Мерка 1.2.4.** Подобрување на бизнис климата преку унапредување на јавните услуги на локалната заедница, подрачните министерства и другите јавни институции и претпријатија | Зајакнување на улогата на Бизнис Центарот и нивно вмрежување со соодветни институции- соработка со Фонд за иновации и технолошки развој (менторинг) за поддршка на компаниите апликанти за јавни повици од ФИТР; Делување како регионална контактна канцеларија на ФИТР; Техничка поддршка и информирање на бизнис секторот за активни повици; Ваучерска програма за градење капацитети на бизнис секторот; Објавува на листа на можни Владини и други извори за финансирање на бизнис секторот; Информирање на бизнисите основани и водени од жени за посебните можности за финансирање достапни за нив. | - Искористени средства од домашни и странски извори на финансирање<br>- Број на започнати нови start-up бизниси<br>- Број на МСП основани и водени од жени корисници на домашните и странски извори за финансирање на МЛС | ЦР на СИПР/ Бизнис Центар | 100.000 | Министерство за локална самоуправа Проект:,,Одржлив и инклузивен рамномерен развој – Фаза 2,,<br>01.2023-12.2023 |
| | **Мерка 1.2.4.** Подобрување на бизнис климата преку унапредување на јавните услуги на локалната заедница, подрачните министерства и другите јавни институции и претпријатија | Зајакнување на улогата на Бизнис Центарот и нивно вмрежување со соодветни институции | - промоција на бизнис сектор преку изработка на видео материјали<br>- запазена родова еднаквост при избор на промовирани бизниси | ЦР на СИПР/ Бизнис Центар | 600.000 | Министерство за локална самоуправа Проект:,,Одржлив и инклузивен рамномерен развој – Фаза 2,,<br>05.2023-12.2023 |
| | **Мерка 1.2.4.** Подобрување на бизнис климата преку унапредување на јавните услуги на локалната заедница, | Работилници со постоечки и нови корисници на меѓуграничниот центар | - одржана 1 работилница со минимум 50% жени посоечки и нови корисници на | ЦР на СИПР | 0.00 | Он-лајне<br>ЦР СИПР<br>06.2023-12.2023 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | подрачните министерства и другите јавни институции и претпријатија | на млади; предприемачи<br>Вклучување на жени предприемачи како корисници на меѓуграничниот центар на млади предприемачи. | меѓуграничниот центар на млади предприемачи | | | |

| | МЕРКИ | Активности | Индикатори | Одговорни за спроведување на мерките | Трошоци | Извор на Финансирање/ Временска рамка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2. РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИОТ КАПИТАЛ ВО РЕГИОНОТ ПРЕКУ УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ И ОПФАТОТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО, ЗГРИЖУВАЊЕ НА ДЕЦАТА, КВАЛИТЕТОТ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ И СОЦИЈАЛНИ УЛУГИ,ЗАШТИТА И ПРЕТПРИЕМНИШТВО | | | | | 0.00 | |
| **Приоритет 2.4** | ПРИОРИТЕТ 2.4 УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ,СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА И РАЗВОЈ НА СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО | | | | 0.00 | |
| | **Мерка 2.4.1** Унапредување на социјалните услуги во Североисточен плански регион | Изработка на листа на приоритети усвоена на Седница на Социјален Совет на Североисточен плански регион доставена до Министерство за труд и социјална политика<br>Приоретизација на потреби од социјални услуги со запазување на родова еднаквост | -Одржани минимум 2 Седници на Социјалниот Совет<br>-Изработена, усвоена и приоретизирана листа за постојните потреби и потребите за развивање на нови социјални услуги во регионот<br>- Број на мажи/жени опфатени со | Социјален Совет на Североисточен плански регион | 0.00 | ЦР на СИПР / Социјален Совет на Североисточен плански регион<br>02.2023-12.2023 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | социјални услуги | | | |
| | **Мерка 2.4.2** Развој на социјално претприемништво во Североисточен плански регион | Изработка на апликации кон отворениот повик за извршување на активности од областа на Социјалното Предприемништво | -Изработени и поднесени минимум 2 апликации (жени и мажи) од страна на бизнис заедницата<br>- Број на апликации подготвени и поднесени од страна на жени предприемачи | EPTISA SOUTHEAST EUROPE/ ЦР на СИПР/ Потенцијални Социјални Претпријатија | 0.00 | EPTISA SOUTHEAST EUROPE d.o.o PROJECT NAME: SUPPORT TO SOCIAL ENTERPRISES<br>PROJECT REFERENCE: EuropeAid/140105/DH/SER/MK; Contract no. 2019/413-967; P1923002 UROPE d.o.o./<br>01.2023-12.2023 |

| | МЕРКИ | Активности | Индикатори | Одговорни за спроведување на мерките | Трошоци | Извор на Финансирање/ Временска рамка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3 – ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ЖИВОТ ПРЕКУ НА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА, ПРОСТОРНОТО ПЛАНИРАЊЕ И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА** | | | | | **1.986.950.887** | |
| **Приоритет 3.1** | ПРИОРИТЕТ 3.1 РАЗВОЈ НА ТРАНСПОРТНАТА, КОМУНАЛНАТА И ЕНЕРГЕТСКАТА ИНФРАСТРУКТУРА КАКО ОСНОВА ЗА ДОЛГОРОЧЕН И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА РЕГИОНОТ | | | | **1.975.897.532** | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Мерка 3.1.1** Подобрување на патната инфраструктура | Реконструкција на ул.Св.Јоаким Осоговски на потег од Осички мост до спој со магистрален пат А2, Општина Крива Паланка | -Реконструирани 799.03 метри локален пат<br>-Број на лица (мажи/жени) корисници на патната инфраструктура<br>-Број на лица (мажи/жени) кои имаат подобар пристап до образование, здравство, социјална заштита како резултат на изградената локална патна мрежа | ЦР на СИПР/ Општина Крива Паланка | 12.102.833 | Биро за регионален развој/Програма за регионален развој 2022_2023<br><br>02.2023-11.2023 |
| | **Мерка 3.1.1** Подобрување на патната инфраструктура | Реконструкција на локален пат во село Коинце, општина Старо Нагоричане | -Реконструирани 1.100метри локален пат<br>-Број на лица (мажи/жени) корисници на патната инфраструктура<br>-Број на лица (мажи/жени) кои имаат подобар пристап до образование, здравство, социјална заштита како резултат на изградената локална патна мрежа | ЦР на СИПР/ Општина Старо Нагоричане | 6.719.550 | Биро за регионален развој/Програма за регионален развој 2022_2023<br><br>02.2023-11.2023 |
| | **Мерка 3.1.1** Подобрување на патната инфраструктура | Реконструкциуја на локални патишта од с. Младо Нагоричане кои водат до туристички локалитети Костоперска карпа и Кокино | -Изградени 440м, локален пат<br>-Број на лица (мажи/жени) корисници на патната инфраструктура<br>-Број на лица (мажи/жени) кои имаат подобар пристап до образование, здравство, | ЦР на СИПР/ Општина Старо Нагоричане | 3.500.000 | Биро за регионален развој/Програма за регионален развој 2023_2024<br><br>04.2023-11.2024 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | социјална заштита како резултат на изградената локална патна мрежа | | | |
| | **Мерка 3.1.1** Подобрување на патната инфраструктура | Локален пат во село Опила до црква Св. Никола во должина од 1км. (дел од постоечки земјен пат во должина од 2,5 км) општина Ранковце | -Изградени 1000м, локален пат<br>-Број на лица (мажи/жени) корисници на патната инфраструктура<br>-Број на лица (мажи/жени) кои имаат подобар пристап до образование, здравство, социјална заштита како резултат на изградената локална патна мрежа | ЦР на СИПР/ Општина Ранковце | 6.656.598 | Биро за регионален развој/Програма за регионален развој 2023_2024<br><br>04.2023-11.2024 |
| | **Мерка 3.1.1** Подобрување на патната инфраструктура | Локален пат од село Никуштак до село Виштица, општина Липково | -Реконструирани 2.200м, локален пат<br>-Број на лица (мажи/жени) корисници на патната инфраструктура<br>-Број на лица (мажи/жени) кои имаат подобар пристап до образование, здравство, социјална заштита како резултат на изградената локална патна мрежа | ЦР на СИПР/ Општина Липково | 10.983.797 | Биро за регионален развој/Програма за регионален развој 2023_2024<br><br>04.2023-11.2024 |
| | **Мерка 3.1.1** Подобрување на патната инфраструктура | Локален пат с. Мождивњак (место викано Дубје) во должина од 3 км, општина Крива Паланка | -Реконструирани 3.000м, локален пат<br>-Број на лица (мажи/жени) корисници на патната инфраструктура<br>-Број на лица (мажи/жени) кои имаат подобар пристап до | ЦР на СИПР/ Општина Крива Паланка | 10.006.574 | Биро за регионален развој/Програма за регионален развој 2023_2024<br><br>04.2023-11.2024 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | образование, здравство, социјална заштита како резултат на изградената локална патна мрежа | | | |
| | **Мерка 3.1.1** Подобрување на патната инфраструктура | Локален пат, дел од улица Мусала со должина од 453 метри со набавка на нова урбана опрема за деца и млади (вклучително и деца со посебни потреби) | -Реконструирани 453м, локален пат<br>-Број на лица (мажи/жени) корисници на патната инфраструктура<br>-Број на лица (мажи/жени) кои имаат подобар пристап до образование, здравство, социјална заштита како резултат на изградената локална патна мрежа<br>-Број на лица со посени потреби/корисници на специјалчизирана урбана опрема) | ЦР на СИПР/ Општина Кратово | 7.591.639 | **Биро за регионален развој/Програма за регионален развој 2023_2024**<br><br>**04.2023-11.2024** |
| | **Мерка 3.1.4** Развој на комуналната инфраструктура | Реконструкција на улици во с. Матејче, општина Липково | -Реконструирани 670 метри локални улици<br>-Број на лица (мажи/жени) корисници на патната инфраструктура<br>-Број на лица (мажи/жени) кои имаат подобар пристап до образование, здравство, социјална заштита како резултат на изградената локална патна мрежа | ЦР на СИПР/ Општина Липково | 9.849.520 | **Биро за регионален развој/Програма за регионален развој 2022_2023**<br><br>**02.2023-11.2023** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Мерка 3.1.4** Развој на комуналната инфраструктура | Набавка на полуподземни контејнери за смет и набавка на повеќенаменски транспортни машини за интервенции во зачувување на животната средина, за потребите на општина Куманово | - Набавени 45 полуподземни контејнери од 5м3 за мокра фракција и 4 полуподземни контејнери од 5м3 за мокра и сува фракција<br>- Зголемена мобилност поради помали застои во сообраќај при истовар на смет за 5%<br>- Број на (мажи/жени) корисници на опремата<br>- Број на (мажи/жени) со посебни потреби корисници на опремата | ЦР на СИПР/ Општина Куманово | 21.998.032 | Биро за регионален развој/Програма за регионален развој 2022_2023<br><br>02.2023-11.2023 |
| | **Мерка 3.1.4** Развој на комуналната инфраструктура | Заштита на земјоделско корисни површини од загадување преку изградба на канализациона мрежа во село Љубинци, општина Ранковце | - Изградена канализациона мрежа 581метар<br>- Број на (мажи/жени) сопственици на земјоделско земјиште | ЦР на СИПР/ Општина Ранковце | 9.476.429 | Биро за регионален развој/Програма за регионален развој 2022_2023<br><br>02.2023-11.2023 |
| | **Мерка 3.1.4** Развој на комуналната инфраструктура | Набавка на три повеќенаменски градежни машини, за брзи интервенцииза општините и јавните претпријатија во Куманово, Кратово и Ранковце | -набавени три повеќенаменски градежни маѓини (багери)<br>-зголемен број на корисници на услугите на Јавните Претпријатија во Куманово, Кратово и Ранковце в за 5%<br>- Број на (машки/женски) корисници | ЦР на СИПР/ Општина Куманово, Ранковце, Кратово | 17.012.560 | Биро за регионален развој/Програма за регионален развој 2022_2023<br><br>02.2023-11.2023 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Мерка 3.1.4** Развој на комуналната инфраструктура | Воспоставување на регионално управување со отпадот и подобрување на постојното управување со отпадот. Спроведување на Регионалниот план за управување со отпад во СИПР | -Санирани и затворени најмалку 3 диви депонии во регионот<br>-Градба на трансфер станици во Куманово и Ранковце<br>-Градба на регионална станица за управување со отпад од Североисточен и Источен плански регион во Мечкуевци, Свети Николе<br>-Формирано Заедничко Јавно Претпријатие ,,Исток-Североисток,, одговорно за управување со регионалната станица за отпад во Мечкуевци<br>-Број на (мажи/жени) вработени во претпријатието | МЖСПП/<br>ЕУ/<br>Регионално тело за управување со отпад | 1.860.000.000 | ЕУ, МЖСПП<br>01.2023-12.2023 |
| **Приоритет 3.2** | ПРИОРИТЕТ 3.2 ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ИНТЕГРАЛЕН СИСТЕМ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ПРОСТОРОТ, РАЗВОЈ НА ГРАДЕЖНИШТВОТО И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА | | | | **11.053.355** | |
| | **Мерка 3.2.1** Визионерско и долгорочно планирање при изработка и носењето на генералните урбанистички планови (ГУП) | Имплементација на „Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2016 година" за мерка 322 ,,Обнова и развој на селата" - подмерка 322.1: Изработка на урбанистички планови | Изработени урбанистички планови за села во општините –Кратово, 6 села со површина од 297,91 Ха<br>-Ранковце, 4 села со површина од 580Ха<br>-Липково, 2 села со | ЦР на СИПР, Општините во СИПР | 11.053.355 | Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделието и рурален развој(АФПЗРР)/Општини Кратово, Ранковце и Липково (ДДВ) |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | за населени места-села | површина 520Ха<br>-зголемен број на инвестиции во урбанизираните опфати за 5%<br>-број на женски предприемачи/ инвеститори во урбанизираните опфати – минимум 5 | | | 01.2023-12.2023 |

| | **МЕРКИ** | **Активности** | **Индикатори** | **Одговорни за спроведување на мерките** | **Трошоци** | **Извор на Финансирање/ Временска рамка** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4 – ИНТЕГРАЦИЈА НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛИЕТО, РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ И ТУРИЗМОТ ВО РЕГИОНОТ** | | | | | **16.637.515** | |
| **Приоритет 4.1** | ПРИОРИТЕТ 4.1 ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА БРУТО-ДОДАДЕНАТА ВРЕДНОСТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ПРОИЗВОДСТВО ВО РЕГИОНОТ | | | | **4.514.951** | |
| | **Мерка 4.1.1** Привлекување на нови странски и домашни инвестиции во земјоделието и преработка на храна | Користењето на средствата – финансиската поддршка и активностите за поддршка на планските региони со цел имплементација на проекти за подобрување на пристапот до обработливи површини во подрачја на интезивна земјоделска дејност утврдени во Програмата за капитални | - Поправка на локален пат Драгоманце-Стрновац, општина Старо Нагоричане, 950м<br>-Земјоделска површина кој ја врзува патот во износ од 610Хектари<br>-Зголемена мобилност на земјоделските производители за 10%<br>-Број на (мажи/жени) корисници на земјоделските | ЦР на СИПР, Општина Старо Нагоричане | 632.244 | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство<br><br>04.2023-12.2023 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | субвенции за развој на плански региони во областа на земјоделството и руралниот развој 2023 донесена од Влада на РСМ | површини | | | |
| | **Мерка 4.1.1** Привлекување на нови странски и домашни инвестиции во земјоделието и преработка на храна | Користењето на средствата – финансиската поддршка и активностите за поддршка на планските региони со цел имплементација на проекти за подобрување на пристапот до обработливи површини во подрачја на интезивна земјоделска дејност утврдени во Програмата за капитални субвенции за развој на плански региони во областа на земјоделството и руралниот развој 2023 донесена од Влада на РСМ | - Тампонирање на дел од локален пат во село Опила, маала Каваклија – Црква, општина Ранковце, 900м<br>-Земјоделска површина кој ја врзува патот во износ од 620Хектари<br>-Зголемена мобилност на земјоделските производители за 10%<br>-Број на (мажи/жени) корисници на земјоделските површини | ЦР на СИПР, Општина Ранковци | 619.677 | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство<br><br>04.2023-12.2023 |
| | **Мерка 4.1.1** Привлекување на нови странски и домашни инвестиции во земјоделието и преработка на храна | Користењето на средствата – финансиската поддршка и активностите за поддршка на планските региони со цел имплементација на проекти за подобрување на пристапот до обработливи површини во подрачја на | - Тампонирање на локален пат во село Мушково, општина Кратово,1.400м<br>-Земјоделска површина кој ја врзува патот во износ од 720Хектари<br>-Зголемена мобилност на земјоделските производители за 10% | ЦР на СИПР, Општина Кратово | 739.916 | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство<br><br>04.2023-12.2023 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | интезивна земјоделска дејност утврдени во Програмата за капитални субвенции за развој на плански региони во областа на земјоделството и руралниот развој 2023 донесена од Влада на РСМ | -Број на (мажи/жени) корисници на земјоделските површини | | | |
| | **Мерка 4.1.1** Привлекување на нови странски и домашни инвестиции во земјоделието и преработка на храна | Користењето на средствата – финансиската поддршка и активностите за поддршка на планските региони со цел имплементација на проекти за подобрување на пристапот до обработливи површини во подрачја на интезивна земјоделска дејност утврдени во Програмата за капитални субвенции за развој на плански региони во областа на земјоделството и руралниот развој 2023 донесена од Влада на РСМ | - Реконструкција на дел од локален пат (од ул. „40,, до СОУ Киро Бурназ) на КП4831 и КП 4833 во општина Куманово, 1.310м<br>-Земјоделска површина кој ја врзува патот во износ од 680Хектари<br>-Зголемена мобилност на земјоделските производители за 10%<br>-Број на (мажи/жени) корисници на земјоделските површини | ЦР на СИПР, Општина Куманово | 2.523.114 | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство<br><br>04.2023-12.2023 |
| **Приоритет 4.2** | ПРИОРИТЕТ 4.2 РАЗВОЈ НА РУРАЛНИОТ И АЛТЕРНАТИВЕН ТУРИЗАМ | | | | **12.122.564** | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Мерка 4.2.1** Подобрување на руралната и туристичката инфраструктура | Реконструкција на руинирани објекти во општина Старо Нагоричане наменети за развој на туризмот | -Зајакнување на туристичките потенцијали во регионот преку иновативен пристап за туристичка промоција (зголемен број на посетители за 10%) | ЦР на СИПР/ Општина Старо Нагоричане | 3.163.629 | Биро за регионален развој/Програма за регионален развој 2023_2024<br><br>04.2023-11.2024 |
| | **Мерка 4.2.4** Подобрување на видливоста преку сигнализацијата и визуелизацијата на туристички атрктивните локации | Поставување на урбана опрема, знаци и информативни табли, хоризонтална и вертикална сигнализација, урбано уреден кеј на Кратовска Река и санација на пешачки патеки во Кратово | - Поставена урбана опрема; Знаци и информативни табли; Хоризонтална и вертикална сигнализација;<br><br>- Број на (мажи / жени) корисници на новите информации, опрема и услуги<br>--Број на (мажи/жени) посетители на кејот на Кратовска река и пешачките патеки | ЦР на СИПР/ Општина Кратово | 5.759.767 | Биро за регионален развој/Програма за регионален развој 2021_2022<br><br>02.2023-11.2023 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Мерка 4.2.9** Збогатување на културната понуда и унапредување на инфраструктурата во културата | Уредување на плато пред Дом на Култура и ентериерно уредување на Турски Затвор во Кратово | - Уредено плато на Дом на Култура и ентериерно уреден т.н. Турски Затвор<br><br>- Број на локални жители и туристи (мажи/жени), посетители на објектите зголемен за 10% | ЦР на СИПР/ Општина Кратово | 3.199.168 | Биро за регионален развој/Програма за регионален развој 2021_2022<br><br>02.2023-11.2023 |

**4. Интеракција помеѓу партнерите во спроведување на програмата**

**Реализацијата на Програмата, преку мерките и активностите**, треба да придонесе кон подобрување на квалитетот на живот на населението во Североисточниот плански регион. Тоа подразбира подобрување на инфраструктурата, создавање на услови за отворање на нови бизниси, подигнување на економските можности на населението, намалување на иселувањето од руралните во урбаните средини и од урбаните средини во странство. **Рамномерниот регионален развој во целина треба да се почувствува во општините** во рамки на Североисточниот плански регион, преку нивниот вкупен економски и општествен развој.

Партнерите особено претставниците на општините од регионот се перманентно активно вклучени во реализација на Програмата особено во текот на имплементација на проектните активности. Исто така сите партнери и засегнати страни од регионот се вклучени во процесот од самиот почеток со тоа што преку форумски сесии идентификуваат проблеми и потреби и предлагаат решенија преку проектни активности кои се во согласност со Програмата за развој на Североистопчниот плански регион. Општините на чија територија се одвиваат проектни активности секогаш имаат претставници кои се дел од проектниот тим, и даваат свој придонес од почеток на активностите (воведување во работа на економски оператори) па се до завршување на проектните активности и изготвен технички прием со потпишан записник за примопредавање. Кога се во прашање градежни зафати општините доколку се согласни го назначуваат надзорот на градба и со тоа се клучен фактор при одобрување на квалитетот и квантитетот на реализирани градежни активности, во согласност со техничката документација. Кога се реализираат активности од типот услуги за подготовка на техничка документација тогаш општините го подготвуваат делот од проектната задача за нивната територија но и во текот на изработката се постојано вклучени и активни.

**Програмата претставува основа за подинамична меѓуопштинска соработка**, подобрување на нивните релации со опкружувањето и соработка со другите плански региони. **Со вклучувањето на сите расположливи капацитети** на регионално ниво треба да дојде до намалување на социјалните разлики на општините, регионот во целина, како и помеѓу урбаните и руралните средини.

**Не помалку значајно е следењето на имплементацијата на Програмата за развој на СИПР.** Следењето има за цел да обезбеди соодветна динамика на реализација на активностите кои што треба да доведат до:

- подобро разбирање на политиката на рамномерен регионален развој во СИПР,
- напредок во однос на градењето свест за придобивките од политиката на рамномерен регионален развој во СИПР

Следењето ќе се врши преку анализа на печатените и електронските медиуми, преку интерактивноста на веб-страниците на МЛС, Бирото и на Центарот за развој на СИПР, преку многубројните активности (седници на Советот на СИПР, форуми со бизнис - секторот, со граѓанскиот сектор, организирани информативни денови, прес конференции и сл.), преку извештаите за реализација на Програмите за развој на СИПР, што ги подготвува Центарот за развој на СИПР како и преку извештаите за прелиминарно, тековно и завршно оценување на проектите за регионален развој.

**5. Информирање и комуникација**

Од клучно значење за имплементацијата на Програмата за развој на СИПР е **сите заинтересирани страни да развијат однос на сопственост над Програмата**. Во оваа насока активностите за информирање и комуникација на политиката на рамномерен регионален развој во СИПР и општо во РСМ се од посебно значење. Овие активности треба да имаат за цел:

- запознавање на пошироката јавност со целите на политиката на рамномерен регионален развој и со целите и приоритетите на Програмата за развој на СИПР 2021-2026;
- сензибилизирање на сите целни групи;
- појаснување на улогите на секоја целна група одделно;
- споделување на информации помеѓу донесувачите на одлуки, заради координирана имплементација на политиката на рамномерен регионален развој, како и

- обезбедување на навремени информации во функција на подготовка на квалитетни проекти.

Центарот за развој на СИПР и Советот на СИПР во зависност од целта на информирањето и комуникацијата ќе **мора да соработуваат со различни целни групи**. Поаѓајќи од целите на информирањето и комуникацијата, целните групи можат да бидат структурирани во две групи: екстерни и интерни.

***Во екстерните целни групи можат да бидат вклучени:***

- Граѓаните од СИПР и пошироко, како корисници на услуги,
- Граѓански организации од СИПР и пошироко, како учесници во процесот на утврдување на потребите и приоритетите,
- Бизнис - асоцијации од СИПР и пошироко, како учесници во процесот на утврдување на потребите и приоритетите,
- Медиуми од СИПР и пошироко, како канали за информирање и комуникација,
- Донатори.

***Во интерните целни групи може да се препознаат:***

- Членовите на Советот за рамномерен регионален развој на РСМ, ( Надлежни Министри и Градоначалници, Претседатели на Советите на планските региони)
- Членовите на Советите на СИПР и другите плански региони (85 градоначалници)
- Претседателите на Советите на ЕЛС од СИПР и од другите плански региони,
- Државни службеници на централно ниво (раководни државни службеници во министерствата кои што работат на имплементирање на програми од регионално значење),
- Државни службеници на локално ниво (државните службеници во секторите за локален развој),
- Другите Центри за развој на планските региони.

За информирање и комуникација на целните групи, основни канали за комуникација кои ќе ги користат Советот на СИПР и Центарот за развој на СИПР се електронските и печатените медиуми, интернет, печатени информативни материјали, организирани форуми, промотивни настани и сл. Овој начин на информирање и комуникација најголем ефект ќе произведе преку реализација на серија на различни активности организирани од страна на носителите на политиката на рамномерен регионален развој, кои што ќе бидат насочени кон една или повеќе целни групи.

Центарот за развој на Североисточен плански регион за сите свои активности редовно ја информира јавноста преку **ВЕБ страната** http://www.northeastregion.gov.mk како и преку ФБ профилот на Центарот за развој на СИПР. **ФБ профилот** се користи и за редовна комуникација со бизнис секторот каде се споделуваат информации за можности за финансирање, за техничка помош при подготовка на апликации и обезбедување ментори. На ФБ профилот од Центарот се **споделуваат и информации во форма на успешни приказни на бизниси од регионот кои имаат за цел да ги охрабрат и поттикнат младите и жените од регионот за отпочнување на сопствени бизниси**.

Покрај ова, Центарот сите важни информации ги споделува со партнерите и преку електронска пошта, организирање инфо настани и поединечни средби со заинтересирани страни. Центарот посветува особено внимание при претставување на своите активности на најтранспарентен начин како и вклучување на што **поголем број на заинтересирани страни од регионот при изработка на стратешките документи на регионот и нивна имплементација.**

## 6. Анализа на ризикот

Проектите кои ќе бидат **финансирани со „регионални“ средства од страна на линиските министерства** потребно е да бидат дополнително идентификувани, во соработка со соодветните министерства, во рамките на расположливи програми и под програми на другите министерства релевантни за регионалниот развој за 2023 година.

И оваа година недостатокот од координација и соработка во планирањето и имплементацијата на мерките од страна на линиските министерства, во чии буџети се **алоцирани (со предзнак „регионални“)** најголемиот дел од средствата за регионален развој, Советот на СИПР и Центарот за развој на СИПР го имаат идентификувано како **најголем ризик** за спроведување на Програмата за развој на СИПР 2021-2026 и **невозможноста да се идентификуваат** со овој Акционен план.

Пандемијата и енергетската криза доведоа до значително покачување на цените на стоки, услуги и работи, како на светско така и на домашно ниво. Дел од предмер пресметките од техничката документација се изработени по проектантски цени од пред драстичното зголемување на цените на глобално ниво. Како реален ризик е препознаена можноста **проценетата вредност за завршување на одредени проекти (градба, набавка на опрема и сл.) да не соодвествува со моменталната пазарна цена**, односно реална можност за потреба од дополнителни средства за реализација на дел од проектите.

Центар за развој на

Североисточен плански регион

директор

Младен Протиќ

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ТРЕТИОТ- СЕВЕРОИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН КУМАНОВО

Центар за развој на
ТРЕТИОТ-СЕВЕРОИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 02 – 120/4
27.12 2022 год.
КУМАНОВО

Врз основа на член 28 став 3 од Законот за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РМ бр. 24/2021 од 29.01.2021 и 174/2021 од 30.07.2021), член 2 став 3 од Деловникот за работа на Советот за развој на Североисточниот плански регион бр.02-103/4 од 22.11.2022 година, Советот за развој на Североисточниот плански регион на својата 7-ма Седница, одржана на ден 27.12.2022 година (Вторник), ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

За усвојување на предлог Акционен План за работа на Центарот за развој на Североисточен плански регион за 2023година.

**Член 1**

Советот за развој на Североисточниот плански регион, на својата 7-ма седница го разгледа предлог Акционен План за работа на Центарот за развој на Североисточен плански регион за 2023.

**Член 2**

Се усвојува Акционен План за работа на Центарот за развој на Североисточен плански регион за 2023.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува на сила во наредниот ден по нејзиното донесувањето.

27.12.2022 година
Куманово

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
на Советот за развој на СИПР
Максим Димитриевски

Центар за развој на ТРЕТИОТ-СЕВЕРОИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН КУМАНОВО